JOVICA IVANOVSKI

LYRIK:: POETRY:: ПОЕЗИЈА::

INS DEUTSCHE VON:: ELIZABETA LINDNER

ENGLISH TRANSLATION:: ELIZABETA BAKOVSKA

PICTURES:: BILDER:: СЛИКИ:: PAUL KLEE

KASIOPEJA NAUMOSKA:: SILVIA LORENZ::

СЕ ИЗГУБИВМЕ

Се изгубивме,
во преводот на македонски,
во сѐ што одбиваме да сфатиме
и тврдиме дека е непреводливо,
во минувалиштата на минливоста,
во просторот стуткан во тесен
поглед, во лажното минато и во
слепата иднина,
во времето кое не е од ова време.
Во имитацијата на демократијата,
во системот кој нѐ ебе систематски.
Во времето на еболата од која овде
никој не боледува –
можеби затоа што од раѓање сме
пелцувани со отров.
Во копнежот до болка за здрава
Македонија, која како брза помош
ќе вози слалом, носејќи ѝ лек на
сиромаштијата.
Во афионските полиња и во
фармите на ноеви,
во полските клозети и во
Триумфалната капија.
Сонувајќи победа во битката со
сеништа.
Гледајќи во земја, кон дното на
дното (спуштените глави не
можат да видат насмеани лица –
само улично ѓубре и
чевли кои учат да газат по
трупови).
Се изгубивме во новиот свет на
нашите предци пред кои
предничиме со покорност.
Во гласот на народот кој зборува
од стомак, во смислата за хумор
на оние што немаат смисла за
хумор.
Во изместените вредности и во
исчашената правдина.
Во традицијата на гените и во
идентитетот на секретот.

Во ќорсокакот на стварноста,
во илузијата наречена
преживување.
Се изгубивме во лавиринтот на
политиката на видовитите кои и со
врзани очи го одат патот до
бездната.
Се изгубивме во нашиот град,
на улиците болни од деменција,
на прекрстениот плоштад пред кој
се крстат странци,
пред нашите родни куќи од кои
ни мавтаат некои други .
Се изгубивме во очигледното.
Ние сме незаштитени сведоци
на една невидена лакрдија,
а тие бесрамно се обидуваат
да ни ги сменат очите.

Wir haben uns verloren

Wir haben uns verloren,
in der Übersetzung ins Mazedonische.
in allem, was wir ablehnen zu verstehen,
und behaupten, es wäre unübersetzbar,
in den passierbaren Gänge der
Vergangenheit,
im Raum zerknüllt im engen Blick,
in der falschen Vergangenheit und in
der blinden Zukunft,
in der Zeit, die nicht zu dieser Zeit
gehört.
In der Nachahmung der Demokratie,
im System, das uns systematisch fickt.
In der Zeit der Ebola, an der hier
keiner erkrankt – vielleicht weil wir
von Geburt aus mit Gift geimpft sind.
In der schmerzhaften Sehnsucht nach
einem gesunden Mazedonien, das wie
ein Rettungswagen Slalom fahren
würde, ein Heilmittel für die Armut
bringend.

In den Mohnfeldern und in den
Straußenfarmen,
in den Plumpsklos und in der
Triumphpforte.
Träumend vom Sieg in der Schlacht
mit Gespenstern.
Zum Erdboden sehend,
zum Abgrund des Abgrunds
(die gesenkten Köpfe können keine
lächelnden Gesichter sehen– nur
Straßenmüll und Schuhe, die lernen
über Leichen zu gehen).
Wir haben uns in der neuen Welt
unserer Ahnen verloren, denen wir in
Demut weit voraus sind.
In der Stimme des Volkes, das mit dem
Bauch redet,
in dem Sinn für Humor derjenigen,
die keinen
Sinn für Humor haben.

In den versetzten Werten und in der
verrenkten Gerechtigkeit.
In der Tradition der Genies und in
der Identität des Sekrets.
In der Sackgasse der Wirklichkeit,
in der Illusion Überleben genannt.
Wir haben uns verloren im Labyrinth
der Politik der Seher, die auch mit
gebundenen Augen
den Weg zur Kluft gehen.
Wir haben uns in unserer Stadt
verloren, auf den demenzkranken
Straßen, auf dem umgetauften Platz,
vor dem sich Ausländer kreuzen,
vor unseren Geburtshäusern
aus denen irgendwelche anderen
Spiegelbilder winken.
Wir haben uns im
Offensichtlichen verloren.
Wir sind ungeschützte Zeugen
einer nie gesehenen Farce,
und sie versuchen unverschämt,
unsere Augen zu verändern.